**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 јуни 1998 година**

**Скопје, јуни 1998 година**

**ДЕВЕДЕСЕТ И ЧЕТВРТА (94) СЕДНИЦА,
ОДРЖАНА НА 10.VI.1998 ГОДИНА**

**Дискутанти:**


1. **АНД0В СТОЈАН** - 17, 26, 29, 52, 66, 70;
2. **АБДИ ФАИК** - 50, 59;
3. **БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР** (потпрет. на Влада) – 3, 8, 10;
4. **БИЉАЛИ МЕРСЕЛ** - 64;
5. **ДОКУЗОВСКИ КИРО** (Мин. за земјод.) – 18, 22;
6. **КРСТЕВСКИ ЗОРАН** - 63
7. **КАРОВ ЗВОНКО** - 12, 16, 19, 54, 56;
8. **МАРКОВСКИ РИСТО** - 41;
9. **НАУМОВСКИ ВАНЕ** - 39;
10. **ПЕТКОВСКИ ТИТО** (води седница) – 1;
11. **РАМАДАНИ САЛИ** - 43, 49, 50, 58;
12. **СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР** - 9, 10;
13. **СИМЈАНОВСКИ НАУМ** - 25, 33, 34, 38, 39;
14. **ТАНТАРОВ ВЕЉО** - 9;
15. **ТАИРИ МЕВЉАН** - 51, 61;
16. **ФИТИ ТАКИ** - 27; (Мин. за финансии)
17. **ШАПУРИЌ ЗОРАН** - 6;


**Дневен ред:**


Т.1 (Пред. за гаран. на инвест. РС банка ЕБЕРТ и АФЦ во Стоп. бан. АД. Скопје) - стр.11

Т.2 (Пред. Зак. за водење регистри) - стр.17

Т.3 (Пред. Зак. за ветеринарно здравство) - стр.18

Т.4 (Пред. Зак. за изработка на пригодни ковани пари) –стр.24

Т.5 (Пред. зак. изм. На зак. за данок на добивка) – стр.26

Т.6 (Пред. зак. за изм. на Зако. за данок на промет на произв. и и услуги) – стр.32

Т.7 (Пред. Зак. за научно – култ. средби “10 дена Крушевска република“) - стр.41


- Седницата продолжува!

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 јуни 1998 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала I, со почеток во 13,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам 94-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Томислав Стојановски, Мирко Трипуновски, Сејфедин Харуни, Абдурауф Пруси, Газменд Ајдерага, Ризван Сулејмани, Стојче Ковачевски, Љубомир Чадиковски, Драган Митевски, Димче Настовски и Бранко Арсовски и Љубисав Иванов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство од пратениците и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се попкаснети претседателот и членовите на Владата на РМ и претседателот на Републичкиот судски совет.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлози на одлуки за избор на членови на управните одбори на јавните здравствени организации, завод за здравствена заштита - Кочани и Здравствен дом - Свети Николе.

Предлог на одлука за избор на членови на Посебната комисија за изготвување предлог за изменување на индивидуален работоводен орган на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака.

56 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Не).

Дали има некој воздржан? (Не).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на РМ предлага на оваа седница Собранеито да го разгледа во скратени рокови Предлогот аз донесување на Закон за изменување на законот за данок на добивка, со предлог на закон.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

47 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (5).

Дали некој се воздржува од гласање? (5).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Алил Џафероски и Мевљан Таири предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на Одлука за овластување на Комисијата за прашањана изборите и именувањата на Собранието на РМ.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

32 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Не).

Дали има некој воздржан? (Не).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за гарантирање на инвестицијата на инвеститорит РСТ Банка, ЕБЕРТ и АФСТ во Стопанска банка Акционерско друштво - Скопје.

Предлогот на законот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основаната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред неколку години овој Парламент од својот сам почеток го донесе Законот за санација на банките во РМ, а во рамките на тоа во содржианата на тој закон имаше посебни одредби кои што се однесуваа на преземање на мерки кои што беа насочени спрема Стопанска банка - Акционерско друштво - Скопје.

Со оглед на тогашната состојба на банката и нејзионото портфолио и со оглед на тоа што околу 85% од македонското стопанство беше комитент на Стопанска банка и проблемите кои што настануваа во банката, се рефлектираа спрема стопанството и обратно.

Законот ги постигна во еден дел своите ефекти и еве денеска како резултат на спроведување на таквите мерки од тој закон и од другите закони кои што се во тесна врска со таа активност која што тогаш ја реализиравме, имаме можност после 2 годишен период на водени преговори помеѓу странски заинтерсирани финансиски институции и банки за нивно стратешко влегување во финансискиот сектор во РМ, да можеме денеска да предложиме пред Парламентот еден закон, кој што ќе ја потпомогне таа активност.

Значи, станува збор за закон кој што треба да овозможи една од најголемите странски инвестиции во РМ, се раелизира денеска односно во рамките на таа странска инвестиција, во финанскиот сектор да влезе прва странска инвестиција од западна банка што има, како што кажав огромно значење за подобрување на бонитетот и кредибилитетот на банкарскиот систем во РМ и враќање на довербата во него. Тоа е основна причина која што ја наметнува неопходноста денеска ние пред Парламентот да предложием по итна постапка закон со презентираната содржина кој што ќе овозможи реализација на вака крупен економски потфат во РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака.

50 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (5).

Дали некој се воздржува од гласање? (1).

Дали имаме пак проблем со кворумот?

61 пратеник имаме во салата.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Група пратеници на Собранието на РМ предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на Закон за пратеници, со Предлог на закон.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (27).

Кој е против, молам? (13).
Кој се воздржува од гласање? (8).
Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот.
Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:
1. Предлог на Закон за гарантирање на инвестицијата на инвеститорите на РСТ банка, ЕБЕРТ и АФСТ во Стопанска банка - Акционерско друштво - Скопје.
2. Предлог на Закон за водење на регистри во РМ.
3. Предлог на Закон за ветеринарно здравство.
4. Предлог за донесување на Закон за овластување за овластување на организацијата за изработка на пригодни ковани пари, со Предлог на закон.
5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данок на добивка, со Предлог на закон.
6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги, со Предлог на закон.
7. Предлог за донесување на Закон за формирање фонд за поттикнување на развојот на стратешките земјоделски структури и производи, со Предлог на закон.
8. Предлог аз донесување на закон за научно-културните средби "10 дена Крушевска република", со Предлог на закон.
9. Предлог за донесување на Закон за ученички и студентски стандард.
10. Иницијатива на МАК конзервативна партија за собирање потписи на избирачи за поднесување Предлог за донесување на Закон за рамноправност во образованието.
11. Предлог на програма за изменување и дополнување на Програмата за изготвување и донесување на просторен план на РМ.
12. Предлог за избор на судија на Основниот суд Скопје - Скопје.
13. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кичево.
14. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Завод за здравствена заштита - Кочани.
15. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Здравствен дом - Свети Николе.
16. Предлог на одлука за избор на членови на Посебната комисија за изготвување Предлог за именување на индивидуален работоводен орган на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид.
Предлогот на Комисијата за избор и именување не доби поддршка.
Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред.
За збор се јави г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**
Почитуван претседателе, почитувани пратеници, веќе неколку седници барам од Владата да ми достави информација, односно до Собранието достави информација за состојбите во Стакло кристал после приватизацијата каде што вработените како доверители склучија со оние што го откупија претпријатието присилно порамнување, каде што беа обврзани новите сопственици во определен рок да и определат на работниците заостанатиот стаж и заостанатите придонеси и плати.
Врз база на такво непочитување на тој договор, на такво присилно порамнување кое е потпишано пред суд, сеуште неможат голен број од тие работници, поранешни работници во Стакло кристал да си ги остварат своите права, било права на пензија или на други права од работен однос. Веќе 3, 4 седници добивам одговор од потпретседателот на Владата дека за наредна седница ќе биде доставена оваа информација.
Со оглед на тоа дека таа информација сеуште не е доставена, а веќе помина околу 1 месец и повеќе, а јас предлагам информацијата да биде ставена на дневен ред.
Исто така, барам од Владата да достави информација за состојбите околу не исплата на долговите кон оние работници кои за време на воена состојба работеа во Ирак.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Има збор претставникот на Владата господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**
Точно е дека на повеќе пати се бара таква информација и Владата е спремна да изработи Информација за информирање на пратеникот. Покрај тоа сакам само да информирам дека ние во Владата имавме една работна средба со претставници на еден дел од вработените на кои што им се неостварени правата од договорот кој што е потпишан со физичкото лице кое што во име на правното лице ја презеде имовината во 51% од пакетот кој што го имаше.
Ние ќе изработиме таква информација, меѓутоа сакав да информирам дека во тек се одредени судски активности кои што се во процедура и кои што треба да дадат судски епилог на дел од барањата кои што работниците ги бараат по основ на склучениот тогаш договор. Така што имаме заемна соработка, имаме информираност и во рамките на тоа последниот разговор кој што го имавме во Владата ја наметна и потребата за дополнително ангажираше на Агенцијата и преку Управниот одбор таа да си го каже својот збор во врска со целата состојба која што е настаната во "Стакло-Кристал".
Ова сакав само попатно да го кажам со тоа што јас ја прифаќам во име на Владата обврската Владата за наредната седница да изработи информација, која што ќе биде доставена до службите во Собрание, а за тоа дали таа информација ќе се стави на дневен ред ќе одлучи Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Господине Шапуриќ, дали сте задоволни од одговорот?

**ЗОРАН ШАПУРИК:**
Да.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Има збор господинот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**
Почитувани пратеници, како предлагач на Законот за формирање на Фонд за поттикнување на развојот на стратешките земјоделски култури и други производи, со оглед на тоа што Владата на Република Македонија до ден денес не достави мислење околу донесувањето на овој закон, барам оваа точка денес да биде симната од дневен ред и да биде поставена на дневен ред на наредната седница на Собранието на Република Македонија.

Јас не го прифаќам известувањето на Законодавно - правнате комисија дека таа не го гледала овој Предлог на закон, затоа што не сум бил присутен на таа седница. Комисијата не пуштила покани за присуство на оваа седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господинот Тантаров, молам да крене рака?

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот.

Господине Тантаров, вие рековте дека не го прифаќате одговорот, ставот на Комисијата.

Господинот Тантаров предлага оваа точка да биде ставена на дневен ред на наредната седница.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, пред неколку седници барав информација од Владата во врска са формирањето на новото комуналнио претпријатие во новата општина Сопиште, меѓутоа таквата информација сеуште ја немам добиено, па сега доколку е можно таа информација да ја поставиме на овој дневен ред, ако е Владата спремна да расправа за тоа.

Имено, ова е единствен случај во новоформираните општини, општина да формира свое комунално претпријатие и покрај тоа што се неопходни според законот би рекол две согласности за формирање на такво ново комунално претпријатие. Едната согласност е од матичната општина, општина Кисела Вода, а втората согласност треба да биде од комунално претпријатие што дотогаш ја вршело таа дејност на таа територија, каде што е формирана таа општина.

Имено во овој случај направен е некој преседан и сметам дека треба да се расправа за еден ваков преседан и покрај тоа што во Законот за локална самоуправа стои дека, секоја општина новоформирана може да формира свое комунално претпријатие како услужна дејност. Но, сметам дека ваквиот случај треба да се постави на една расправа и да се спречат и понатаму такви случаи кои на незаконски начин е овозможено да се формира таков вид на претпријатија за услуги.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагате на денешната седница таква информација?

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Јас би сакал претставникот на Владата да се изјасни дали може да расправаме на оваа седница, доколку може да расправаме и да влезе во дневниот ред, доколку не, тогаш на наредната седница да добиеме писмена информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас не знам како ќе се одвива текот на работата по оваа седница. Ако нашите служби стигнат може Министерството за правда и Министерството за урбанизам .да ја изработат информацијата, а ако седницата продолжи и во наредните денови.

Меѓутоа би го замолил пратеникот со цврсто уверување дека ќе стигнеме за наредната седница да изработиме и ќе ја изработиме. Да го прифати тој предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачот се согласува.

Дали уште некој пратеник сака да предложи дополнување на дневниот ред? (Никој).

Молам, кој е за предложениот дневен ред да крене рака? 55 пратеници.

Дали некој има против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Во салата се присутни 55 пратеници.

Вака не можеме да работиме, или да одложиме за утре, или за идната недела.

Ова е малтретирање за луѓево што се тука во салата.

Предлагам пауза до 14,00 часот.

(По паузата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дојдовме до гласање по дневниот ред за 94-та седница.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да. крене рака. (56 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (б пратеници).

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1 - Предлог на Закон за гарантирање на инвестицијата на инвеститорите РСТ банка, ЕБЕРТ и АФЦ во Стопанска банка - Акционерско друштво - Скопје.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани господа министри, претставници на Владата, почитувани дами и господа пратеници.

Јас по овој предлог би почнал со тоа дека и потребата од донесување, со тоа дека Република Македонија со осамостојувањето, отпочнувајќи со процесот на промените на карактеристиките на поранешниот општествено политички и посебно економски систем, затекна крупни инфраструктурни и други капитални објекти, кои објекти на некој начин и во денешната состојба ги определуваат развојните карактеристики на македонското стопанство и кои објекти се подложни на денешното преструктуирање и потреба од нивно преструктуирање, но кои капитални и инфраструктурни и капитални објекти Република Македонија ги прифати со сите нејзини обврски спрема меѓународните финансиски институции, каде што посредно крајни корисници беа стопанските објекти.

Тоа значи дека Република Македонија прифати една сериозна обврска околу сервисирање на тие права, а пред се обврски спрема тие капацитети и застана на страната од потреба да преку буџетските проекциии кои денес земаат значајна ставка, ги сервисираат тие долгови на денешните објекти. Ако се сеќавата до почетокот на овој мандатен период во Собранието на Република Македонија поточно во март 1995 година донесовме, а со тоа практично и ја отпочнавме во поголем дел санацијата и реконструирањето на дел од банките во Република Македонија. Санацијата на банките опфаќаше и се изврши со отстранување од билансите на банките на девизните штедни влогови и девизните сметки на граѓаните за кои гаранцијата за исплата ја преземе Република Македонија, отстранување од билансите на банките на нивните побарувања и обврски по кредити добиени од странските кредитори и реконструирањето со тој

закон отпочна и се изврши, во најголемиот дел се изврши и на Стопанска банка - Акционерско друштво Скопје и опфаќаше нејзино санирање, реорганизирање и приватизирање.

И во тој дел да кажеме дека постоеја активности во деловните банки околу отстранување од своето книговодство на страната на активата и пасивата, износите кои се евидентирани согласно претходните закони и согласно законот донесен во март 1995 година и некои измени кои што потоа следеа.

Со тоа се овозможи Републиката да даде значаен, огромен придонес за плаќање на сите тие обврски кои што ги оптеретуваа дотогаш деловните банки, да тие обврски се плаќаат од Буџетот на Република Македонија, иако постојат потреби и за други да речеме буџетски расходи, меѓутоа тоа е една константа која во подолг период на време ќе биде присутна во сите буџетски расходи на Република Македонија, кои што обврски ги опфаќаше правата и побарувањето од Парискиот и Циришкиот клуб на доверители и дел од обврските по преземените кредити од поранешната СФРЈ, согласно Законот за преземање на обврските на Федерацијата по определени странски кредити и за задолжување на Народна банка на Југославија во странство за сметка на Федерацијата во 1990 година.

Тука ние како држава ги презедовме и други побарувања и обврски по кредитите добиени од други странски кредитори, а утврдени во Законот за санација на банките во Република Македонија. Таквите обврски во најголем дел на претпријатијата ги презеде од билансите на банките државата, регулирајќи ги правата и обврските со крајните корисници, а истовремено го ослободи деловното банкарство од тој товар, со цел да овозможи полесно да деловните банки ги градат односите со стопанските субјекти, во едни по релаксирани услови.

Со Стоапнска банка - Акционерско друштво - Скопје покрај санацијата, се појде и кон нејзино реконструирање, кое опфаќаше утврдување и отстранување на не наплатените денарски заеми од билансите на банките, поништување на акционерскиот капитал на должници чии обврски беа предмет на регулирање на тој закон и разделување на банката на делови кои требаше да имаат чист и комплетен биланс со идентификуван акционерски капитал, делови од банки како самостојни банки да се ликвидни, да имаат рентабилни билансни операции, компетентно раководство, јасен развоен потенцијал и да се подготвени и способни да привлечат дополнителен капитал.

Вие знаете дека од остатокот од Стопанска банка по издвојувањето на дел, или делови како самостојни банки ќе се приватизира и отопочне да се приватизира така што најмалку 51% од нејзиниот акционерски капитал ќе биде сопственост на приватни инвеститори и тоа до денес е така со тоа што, приватни инвеститори до денес се правни и физички домашни лица. Како е денешната состојба?

Почитувани дами и господа пратеници, и понатаму останувам со убедувањето дека неможат успешно да се одвиваат реформите во деловното банкарство, ниту пак можат да се гледааа одвоено од структурното, сопственичкото, организационото и управувачкото преструктуирање што се прави и што се одбива во претпријатијата во земјата. Зошто го велам тоа?

Затоа што дотогаш е оставена можноста како што е и присутно кај одделни деловни банки, целосната отсутност од претприемнички дух во раководењето, старата организациона шема на чекање и начекување на потенцијалните корисници на средства и несоодветен третман на потребите на стопанството. Затоа и ќе имаме, а некаде и тоа доминира застарено организационо и управувачко делување, користење на недоволна контрола токму од акционерите основачи, зошто сеуште имаме дисперзирана основачка структура, а понатаму ќе биде присутна и кредитната поддршка на доминантните основачи и сериозните проблеми во наплатата на пласираните средства.

Која е тука улогата на државата и што е она што може и што е она што го направи Република Македонија. Тоа е пред се нејзиното посредно делување, утврдување на есконтна стапка во согласност со монетарната политика и со примена на методологија која сепак условена од движењата на платниот биланс, користењето на институтот задолжителна резерва она што претходно говорев, извршената санација на деловното банкарство и досегашните депозити кои не беа мали на државата кои се пренесуваа во Народната банка, заради зголемување на понудата на финансиските средства и одржување на девизниот курс.

Ние денес мислам дека, можеме со сигурност да укажеме со еден збор дека каматната политика на деловните банки ниту од далеку не кореспондира со основните фактори на работење, а кои што во овој мандатен период се обезбеди ниска и стабилна стапка на инфлација, стабилен девизен курс, а стапките на деловните банки не кореспондираат ниту со стапката и каматната политика на Народната банка на Република Македонија. Сигурно дека за такво нешто има и оправдување за деловните банки, пред се високата побарувачка за финансиски средства, но и сеуште големата свртеност на претпријатијата кон традиционалние извори на финансирање. Вие се сеќавате дека во најголем дел претпријатијата исклучија дополниелен вид на акумулација во процесот на нивното сопственичко преструктуирање и можноста дадена со законот самостојно да одлучуваат околу изборот и начинот на техниката на приватизација и трансформација на општествениот капитал. Високите каматни стапки се должат и на финансиската недисциплина кај корисниците, но и високите трошоци на банкарскиот работење, не ефикасната наплата, полтералот итн.

Она што во овој момент и во оваа прилика би сакал да го истакнам и што мислам дека треба да биде активност на деловните банки од приоритетен вид, е токму сопствената иницијатива околу по реално сведување на долговите на претпријатијата и регулирање на побарувањата во рамките кои ќе овозможат ефикасна и целосна наплата. И, се разбира активност на државата преку веќе отпочнатнатата финансиска понуда, преку организационо и сопственичко преструктуирање на деловните банки, со учество на акумулација на странски финансиски институции.

Ние во април месец оваа година овозможивме со донесувањето на закон од Агенцијата за санација, да може да ги откупи акциите од основачите и тоа пред се од нето должниците, како би можело да се изврши наплата на нивните побарувања.

Денес мислам дека со сигурност можеме да кажеме, се подразбира доколку денеска го усвоиме овој предлог дека, обезбедуваме како Република најголема странска инвестиција во Република Македонија, односно прва странска инвестиција на странска Европска банка, што навистина има огромно значење за подобрување на бонитетот и кредибилитетот на банкарскиот систем во Република Македонија.

Затоа мислам дека треба сите пратеници да гласаме за денешниот прпедлог, бидејќи истовремено гласаме и за понатамошната процедура на санирање на одредени пласмани, кои што сега ќе се земат во предвид со состојба на 31.12.1997 година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор?

Има збор г-динот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, г-да министри, пратеничката група на Либерално-демократската партија го разгледа овој законски проект.

Мислиме дека е тоа добар потфат, сега не можеме да навлегувадое што друго можеше и како да се изведе, но и овој е добар и ние ќе го поддржиме и ќе гласаме за него, а на ЕРСТЕ-банка, и посакуваме добредојде овде и да развие поголема активност во Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 71 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).Д

али некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гарантирање на инвестицијата на инвеститорите ЕРСТЕ-банк, ЕБЕРТ и АФС во Стопанска Банка А.Д - Скопје.

Минуваме на точката 2 - Предлог на Закон за водење на регистри во Република Македонија.

Предлогот на законот.извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени ,односно поделени.

Отворам општ претрес,

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 44.

Отворам претрес по амандманот на член 44, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Продолжуваме со претрес по Текстот на Предлогот на закононот.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 72 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Контатирам дека Собранието го донесе Законот за водење на регистри во Република Македонија.

Минуваме на точката 3. - Предлог на Закон за ветеринарно здравство.

Предклогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Докузовски, министер за земјоделство, шумарство и водосстопанство

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Јас би дал напомена дека овој Предлог на закон за разлика од претходниот како Предлог за донесување, претставува потполно усогласен текст по сите прашања кои што беа искажани во расправата, а се однесуваа околу надлежностите со хуманата медицина.

Сите прашања спорни ги разрешивме на начин на кој што е во законот вградено. Тоа го покажа и расправата во телата на Собранието и има само еден амандман.

Од тие причини сметам дека нема потреба да го образложувам законот и молам да биде усвоен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, на дневен ред на оваа седница е Предлогот на Законот за ветеринарно здравство.

Овој закон е последен што ќе го донесе овој состав на Парламентот, ни преостана уште еден многу значаен закон, тоа е Законот за семе, за кој лично мислам дека можеше да биде донесен, бидејќи е многу одамна изготвен, а и штетите кои беа направени минатата година со семенскиот односно садниот материјал од компир, а исто така и оваа година се направени големи штети кај земјоделските производители, со лошиот увозен семенски материјал на домати од сортата "АМАТИ".

Веројатно да го имавме Законот за семе, до вакви проблеми и штети немаше да дојде. Но, да се вратиме на Законот за ветеринарно здравство.

Појавата на заразни болести кај животните може да предизвика големи штети и може да претставува опасност за здравјето и животот на луѓето, па затоа здравствената заштита на животните мора да стане обврска на државата и нејзините органи како и на сопствениците на животните.

Во овој закон пропишан е минималниот задолжителен обем на здравствена заштита на животните од заразни болести, тоа всушност претставува грижа на државата за систематско утврдување на заразните болести и превентивна заштита на животните, теренска и лабараториска дијагностика, спречување на заразните болести, посебно опасните заразни болести во државата. Особено сакам да истакнам дека со овој закон недоволно е обработена теренската дијагностика на заразни болести.

Имено, и во претходната фаза поточно на 80-та седница на Собранието укажав дека, недоволно внимание се посветува на здравствената заштита на животните во ридско-планинските подрачја. Но, јас во наводници "ги разбирам" докторите ветеринари дека не им се исплати да створаат високи трошоци за пружањето ветеринарна заштита на животните во тие подрачја, како и редовно да одат во планинските села и да ги лечат заболените животни, тие села се оддалечени и по 20 до 30 километри од постоечките ветеринарни станици. Ветеринарите велат, ако можат и некои лекари да ја избегнуваат здравствената заштита на луѓето во тие планински села, зошто па не и ние ветеринарите.

Па почитувани пратеници има некоја вистина во тоа. Голем број на села во Кочанско особено во ридско-планинските подрачја, се без редовен ветеринарен лекар, а што фајда и ако има лекар, а нема лекови и аптека, болните животни пак ќе мора да ги носат и да поминат 15 до 20 километри за да стигнат до најблиската ветеринарна станица, барем така е во Кочанско. Ветеринарните доктори ретко ги посетуваат планинските села, а сточарите тешко доаѓаат до потребните лекови.

Бидејќи, со овој закон споменатите проблеми не можат да бидат разрешени, те затоа предлагам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги има во предвид овие укажувања, па со некој правилник да се предвиди минимален задолжителен обем на здравствената заштита на животните и во ридско-планинските села, како и редовно обезбедување со потребните лекови.

Иако ветеринарно-здравствената дејност е од јавен интерес, во овој закон е обработена здравствена заштита на животните тек после 84-иот член, каде што се предвидува примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита на животните и завршува до III-иот член, после тоа е надзорот и казнените одредби.

Навистина Законот за ветеринарно здравство е многу солидно и стручно подготвен и направен е по мерка на Ветеринарниот институт во Скопје. Со овој закон се предвидува обезбедување на примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита на животните, но исто така со овој закон се предвидени и силни финансиски зафаќања од страна на ветеринарно-санитарните работници.

Големите финансиски трошоци ќе ги плаќаат не само трговците што се занимаваат со промет на животни, производи и суровини од животинско потекло како и добиточна храна, но ќе мора дебело да плаќаат и сопственициите на животни.

Почитувани пратеници, развојот на сточарството во Република Македонија не е на најдобро можно ниво, те затоа меѓу другото е потребно да се донесе овој закон, меѓутоа, би сакал да укажам на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство па и на Владата дека, покрај носењето на Законот за ветеринарно здравство, да изработи и предложи уредба со која ќе определи висината на надоместоците за извршените ветеринарно - санитарни услуги.

Вака како што сега стојат работите на сточарите ќе им остане работата и маката, а парите ќе останат во трговците и ветеринарите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, поднесе амандмани на член 12, член 33 став 12, член 40 за менување на став 1, член 43 став 2., член 49 став 5, член 52 и член 54 за менување на став 1, член 55 за менување на став 1, член 81 за менување на став 4, член 82 став 1 точка 9 и став 2 точка 1, член 87 точка 2, член 93 став 1 и на член 116 точка 14, со кои претставникот на Владата се согласил и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, поднесе амандман на член 75 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 132, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Илија Каров поднесе амандман на член 62, за додавање нов став 6 по ставот 5, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандман на член 62, за додавање нов став 6 по ставот 5, поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Должам да образложам зошто. И во излагањето на г-динот Каров беше кажано дека цените ќе ги плаќаат земјоделците. Па, ќе ги плаќаат бидејќи услуга се врши на самите земјоделци што имаат добиток. Кога е во прашање цената на услугите има два прида.

Едниот е цени на услуги кои се вршат на самата граница од службите при преглед на пратки. Цените ги определува Владата за сите органи и за сите видови на прегледи. Во случај на проверката на мустрата да се покаже дека не е исправна, тогаш државата го плаќа тој трошок по цена што ја утврдила Владата за услугата. Во обратен случај плаќа самата странка.

Во случај кога цените на услугите, како што е случајот на амандманот за сточната храна да ги утврдува Министерството или Владата, не е прифатливо од причина што со Законот концептот поаѓа да имаме слободно формирање на претпријатија ако услувите ги исполнуваат. Според законот секој ветеринарен лекар кој што ќе има и лаборант и ке ги исполни условите според законот, може да отвори лабораторија за испитување на сточна храна.

Оттаму, не станува збор со законот да даваме монопол на институтот, туку напротив станува збор за потполна слобода на субјектите да регистрираат претпријатија кои ќе вршат услуги и тие услуги ќе ги формираат во услови на конкуренција.

Од тие причини не е за прифаќање овој амандман, бидејќи тоа е производ на верзијата во претходната фаза која беше и критикувана во смисла дека целата работа ја даваме на еден институт. Значи, станува збор за пазарна ориентација, слобода на субјектите и од тие причини нема потреба Владата или Министерството да утврдуваат цени на услугите во овој дел.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувамм претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 75 за менување на став 2, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 55 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Па колку имаме пратеници тогаш? Добро.

65 пратеници се присутни во салата.

Уште еднаш Ве молам, кој е за Предлогот на законот да крене рака. 64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Воздржан? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ветеринарно здравство.

Четврта точка - Предлог за донесување на Закон за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? 58 пртеници гласаа за.

Дали некој има против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Дали некој бара збор?

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Вие како претседавач на оваа седница требаше да дадат појаснување, бидејќи за оваа седница се подготвени и предложени два закони, Предлог за донесување на закон за измени и дополнување на Законот на добивка. Дали оваа точка се однесува за законот чии предлагач сум јас, или законот чии предлагач е Владата, па потоа да се развие дискусија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова е расправа по предлогот на Владата.

Сте ги испомешале работите господин Симјановски.

Овде станува збор за сосема друг закон, за данокот на промет.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој ,не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го савам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за овластување на организации за изработка на пригодни ковани пари.

Има деловничка интервенција господинот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Јас мислам дека е сосема во ред што претседателот што си тера да го завршиме дневниот ред од оваа седница, меѓутоа имам впечаток дека имаме доволно пратеници во зградата за да можеме да го усвоиме амандманот на Уставот.

Затоа предлагам една кратка пауза од неколку минути да се повикаат пратениците да дојдат овде. Нема смисла, тој амандман е многу значаен, ги имаме сите претходни согласности, па да го донесеме сега. Тоа е мојот предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас го прифаќам предлогот.

Јас реков, кога расправавме по оваа точка, истиот момент кога ќе бидат присутни во салата над 80 пратеници, јас ќе го ставам на гласање.

Инаку ако дадам пауза веројатно ќе немаме кворум ни за расправа, ќе си заминат пратениците.

Се молат сите пратеници кои што се во зградата нека влезат во салата, а во моментот кога ќе влезе 81 пратеник, јас ќе прекинам со работа по оваа седница и ќе го ставам на гласање амандманот.

Сега одиме натаму.

Минуваме на петтата точка - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данок на добивка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Таки Фити, министер за финансии при Владата на Република Македонија.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, дозволете ми сосема накусо да објаснам што е суштината на овие предлози врзани за измената на постојниот Закон за добивка.

Сите вие знаете почитувани пратеници дека еден од најсериозните проблеми со кои се соочува стопанството на Република Македонија во овој момент, се високите каматни стапки. Се разбира дека ние имаме анализи зошто е таква состојбата, зошто се толку големи просечните банкарски каматни стапки, а во услови кога егзистира навистина ниска стапка на инфлација и во тој контекст зошто се големи разликите помеѓу есконтната стапка на НБМ од една страна и просечните банкарски каматни стапки од друга страна.

Ние мислиме дека главната причина за ваквата состојба се, секако несовпаѓањата помеѓу понудата и побарувачката на капитал, односно понудата на слободен капитал од една страна во земјата се одржува на релативно ниско ниво, а додека кај претпријатијата, кај микроекономските субјекти има глад од капитал, односно голема побарувачка од капитал. Се разбира дека има и други такви причини.

Една од тие причини, според анализите на Министерството за финансии, Централната банка и Владата во целина се, исто така и не соодветните подфолија на банките, односно продолжување навистина во многу помала динамика и на лошите пласмани на банките. Имаме и таква ситуација, ако банките имаат релативно лоши пласмани, што од друга страна зависи од квалитетот на претпријатијата, тогаш е нормално така зголемените трошоци на банките овие да ги префрлуваат или превалуваат на каматните стапки. Така да и тој момент е битен и факторот на ризик е битен и сл.

Владата на Република Македонија сега предлага две измени кои на еден или друг начин се врзани со оваа проблематика, посебно кога се однесува на измената што е врзана со начинот на оданочување на резервациите на банките. Засега тука имаме едно не стандардно решение, решение кое не одговара на стандардите на Европската унија и заради тоа ние решивме едноставно тоа решение да го елиминираме и да не вршиме во натамошно оданочување во делот на данок за добивка кај пласманите на банките.

Се разбира дека тоа ќе предизвика определено губење на приход во Буџетот. Нашите пресметки се дека врз таа основа Буџетот ќе изгуби некаде околу 98 до 100 милиони денари. Меѓутоа мислиме дека во оваа ситуација е корисно тоа да го направиме, бидејќи тоа ќе има свој ефект врз определено намалување на каматните стапки.

Една претходна мерка беше донесена од Централната банка, каде што Централната банка двојно ја зголеми каматната стапка на задолжителните резерви, што мораат деловните банки да ги чуваат кај Централната банка. Ние одиме сега со ова решение, со што дополнително се намалуваат трошоците на работењето на банките и мислиме дека тоа ќе предизвика определено намалување на висината на каматната стапка за два до два ипол индексни поени надолу, од она што значи просечна.

Затоа мислам дека, ова во крајна линија е во интерес на стопанството и Ве молам овој закон да го прифатите.

Што се однесува до измената врзана со оданочувањето на трансферот на добивката на странски инвеститори и тоа решение е не стандардно. Тоа решение, постојното е следното: - доколку странски инвеститор врши трансфер, го извлекува профитот од земјата, тој профит треба да се оданочи за 10%. Ваквото решение велам е нестандардно и е во спротивност со член 8 од ММФ, односно од статутот на ММФ, а ние сме полноправна членка. Така да неколку пати е укажано од Фондот дека оваа практика треба да се смени.

Згора на тоа, сите вие знаете дека ние немаме посебни приходи врз оваа основа, со оглед на релативно малиот обем на странски инвестиции во стопанството на РМ, а од друга страна вакво решение какво што постои претставува и определено дестимулирање на странските инвестиции. Затоа, едноставно таа обврска исто така ја елиминираме. Значи странец што ќе вложи во РМ, по нашите закони има слобода да го трансферира капиталот и профитот, а кога трансферира профит нема да биде дополнително оданочуван со овие 10%.

Еве тоа се предлозите на решенијата. Мислам дека се разумник. Во основа се во интерес на стопанството и ве молам да ги гласате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин претседателе, господин министер, дами и господа.

Го разгледавме овој законски проект и ние ќе гласаме за него. Сакаме само да напоменеме дека беше бесмислен и досега, досегашните решенија, бидејќи стално укажувавме дека навистина не држат тие решенија. Ако ништо друго нас ако не сакавте да не послушавте, требаше барем Здружението на банките, овој куп на материјали што ви го направија да не се оданочуваат пласманите како добивка, требаше да го уважите. Но, добро е и сега што го уваживте. Точно е и министерот тоа што го кажа, тоа е само она 10% на трансферираната добивка. Тоа е само елемент да ги плашиме луѓето.

Инаку, нема никаков буџетски ефект, ниту некаква корист од него, но демонстрираше една лоша волја на оваа држава спрема странските инвеститори овде и спрема нивните пари.

Затоа, иако е многу задоцнето ова решение, и едното и другото, ние ќе гласаме за законот.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Во слична смисла на мојот претходник, само за поздравување на предлогот кој го дава Владата и ресорниот министер. Посебно за поздравување е што за првпат од оваа говорница, иако декларативно на повеќе наврати се наговестува одреден третман по странските инвестиции, првпат преку законска форма да се даде одредено олеснување на странски инвеститор, потенцијален странски инвеститор кој во РМ ќе вложи свој капитал и со тој капитал ќе прави одреден обрт.

Нема ништо случајно, овој закон е поврзан со претходниот Закон за гаранција, кој ова Собрание го изнесе по однос на инвестирањето на РСТ банка, АИФС, Европската банка за обнова и развој, но сепак и за заштитана тие инвестиции, за профитот кој го очекуваат да го прават на оваа територија, се носи овој закон. Сепак е за поздравување еден ваков проект. Очигледно дека

Владата го менува односот кон странските инвестиции и се надевам во брзо време и за други законски проекти ќе има ваков третман кон странските директни инвестиции.

**ФАИК АБДИ:**

Мислам дека ова последново е едно општо задоволство, заради тоа што скоро на сите средби во Комисијата за надворешна политика и средбите со нашите надворешни партнери кои доаѓаат како пријатели во нашата земја, се поставува ова прашање за кое сега разговараме. Па дури и на нашето патување во Кина, скоро сите раководители се интересираа како се оданочува и колку се оданочува вложувањето. Добро е што Владата предлага ваква мерка. И покрај оној најбитен елемент, сигурноста на нивните пласмани во нашата земја, битен елемент е и оданочувањето.

Јас го поздравувам ова што го предлага Владата и ќе гласам за таа мерка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој  друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот од данокот на добивка.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? ( 62).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Кој е за, молам да крене рака? (62).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Драган Ѓорѓиев поднесе амандман на член 4, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од пратеникот Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Станува збор за допрецизирање и амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за данокот од добивка.

Ги молам координаторите на пратеничките групи да направат уште еден напор да обезбедиме 81 пратеник во салата, за да можеме да гласаме по амандманот.

Минуваме на шестата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на произво ди и услуги, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Наум Симјановски, предлагач на законот.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

На почетокот да се заблагодарам на претседателот што во функција на тајмингот на прибирање на пратеници ќе се разгледува и овој закон, но тоа е тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нема тајминг, седницата е во тек.

Јас не дадов пауза.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Добро, вие каков третман дадовте на овој период, но пратеникот од опозиција кога предлага закон, доволен е и таков третман.

Овој  законски проект во собраниска процедура беше, исто така даден пред година дена, во времето на избувнувањето на аферата ТАТ, кога доста актуелно беше и почна да се отвора проблематиката на странските директни инвестиции во РМ.

Нормално во една корелација со ресорното Министерство и ресорниот министер беше договорено во тоа време овој законски проект да се повлече од собраниска процедура, зошто Владата е во време кога. изготвува стратегија кон разгледувањето на оваа проблематика на странските директни инвестиции. Но како времето изминуваше, како месеците минуваа, како обемот на странските директни инвестиции во РМ остануваше на нивото од пред две години и заклучно со 1997 година е на нивото од прилика околу 40 милиони американски долари, кој  како обем можеби изгледа голем во однос на оние износи за кое Собранието сега во претходните закони дава гаранција по однос на инвестирање на странски банки во нашиве банки од 35 милиони ДМ.

Но сепак тоа е износ кој претставува основно ниво на обем на странски и директни инвестиции вложени во држава на цело-купниот европски простор, да не речам и пошироко. Овие податоци се званични податоци како од светска банка така и од извори изнесени од ММФ, кои за жал званични податоци званично во нашава држава не функционираат па морав лично да се ангажирам да ги добија нормално од страна. Но сепак, време и место е да се продискутира, отворено и за прв пат за оваа проблематика, зашто ниедна делегација го нема испуштено од вод

ова прашање, зошто нема странски капитал во нашава Република и веќе ако дошол, под кои услови дошол и зошто ништо не е превземено за да се измена барем малку од малку овие услови.

За жал, таа програма и динамика која Владата ја најавуваше од одделни ресорни министерства, тоа е целокупна програма и стратегија која треба државата да ја има кон потенцијални странски инвеститори, за жал досега нема видено бел ден, уште потешко до таа програма е можно да дојдеме и ние како пратеници, а што останува за потенцијалните инвеститори, кои тропаат на вратата на РМ, посебно на вратите на повеќе стопански субјекти. Мислам РМ не би требало да има таков третман и мислам дека должно внимани на оваа проблематика требаше да се обрне од страна на Владата, а најдиректно е инволвирано е Мнинистерството за финансии и моменталниот министер за финансии.

Иако Владата немаше досега адекватен третман, повторно се одлучив оваа проблематика да ја разработам на одреден начин и вакво законско решение да дојдам на оваа говорница, за да можам малку од малку да проговорам по истата.

Исто така, посебно бев провоциран, да не речам поттикнат за забрзување на постапката, издавање на елаборација за овој закон во образложението од последната посета на познатие германски парламентарец, г-динот Вичорек и дискусиите кои се водеа со него, каде од моја страна беше експлицитно изнесено одредени податоци за странските инвестиции и кои се проблематики истите ги тангираат во овој момент во РМ. Но, од званичните органи наместо да бидам добредојден, на одреден начин што оваа проблематика се отвара и пред странски компетентни личности, финансиски личности, кои и те како се занимаваат со финансии во нивните држави, како политички, така и деловно, кои доста ја познаваат оваа проблематика, како одговор на тие наши заложби што се презентира постоечката состојба, и на одреден начин да се најдат решенија за истата, добив како третман на опозиционен пратеник невидена критика и сугиестии, како тоа не требало да се прави, како дипломацијата во Македонија треба да се гради на една цврста стратегија, заедничка стратегија, а не да се истапува сепаратно посебно пред странски дипломатии, или мисии кои се дојдени во посета во РМ.

Посебно со жалење морам да го истакнам третманот што го дадоа јавните медиуми на оваа посета на г-динот Вицорек, посебно коментарите на г-динот новинар од Радио Скопје, г-динот Чука, каде оние што се огрешиле од оној званичен став на Владата на РМ, се стигна до таму да бидат наречени претставници од некоја раса, спореден со австралиските домороци. Добивме третман на австралиски домороци за непознавање на оваа проблематика. Но тоа нека им служо на чест на самиот коментатор и на оној што го редактирал тој текст, а јас ќе истакнам со посебна гордост, не коментари, не незнам што не ќе можат да ме срушат со оние факти што овде ги изнесувам, бидејќи оваа проблематика лично јас повеќе ја тангирам од три цели години.

Баш поради тоа овој закон тангира само еден сегмент од тие странски директни инвестиции, како пристап им дава РМ, а тоа е во овој закон тангирано за данокот на промет кои на странски инвеститори, кога тоа се врши при нивно инвестирање, не во пари, туку во опрема и технологија, која најмногу во овој момент на РМ и недостасува, покрај царинските олеснителни околности, кои морам да признаам имавме дослух при донесувањето на постоечкиот царински закон, да добие третман со царинска стапка 0, тоа значи да имаме комплетно царинско олеснување за странските директни инвестиции, дослух од Министерството за финансии тој позитивен тренд да продолжи и преку данокот на промет, за жал досега не добивме. Така да, таа странска директна инвестиција со потенцијален странец кој планира да дојде во РМ со своја технологија, со свои знаења, таа технолоција за да ја донесе во Македонија, за да ја стави во функција, за да ја озваничи, тој странски капитал, за да стане капитал на РМ, треба уште незапочнат со работа на РМ да и плати ни малку ни повеќе туку 5%. Иако тоа не изгледа многу, сепак тое е стапка која е во долната граница на стапки за оданочување, но сепак со самиот факт дека пости одредена бариера за влез на странскиот капитал, доволно мене ми укажува, а и доволно ми укажуваат сите потенцијални странски инвеститори, кои сакаат да вложат во РМ преку внесување на опрема, на технологија на инжинеринг, сепак и овие 5% на одреден начин делуваат одбивно при донесувањето на конечната одлука дали тоа ќе го направат во РМ, или во некои од соседните земји од овој регион.

Тоа е оној најосновен показател кој ми беше лично мене за поведување на целокупната постапка за овој закон. За жал, сепак Владата и во оваа прилика нема дослух за овие аргументи, дава негативно мислење по истиот закон. Мислам дека третманот кога излегов на оваа говорница и го пофалив за претходниот закон, каде веќе почнуваат тие позитивистички размислувања на Владата кон странските инвеститори за одредени даночни олеснувања, во конкретниот случај, даночни олеснувања за инвеститори во банкарскиот систем, сепак мислам дека треба истиот третман на тие даночни ослободувања да го даде и на сите останати инвеститори, кои би вложиле во останатите гранки од стопанството на РМ. Инаку, аргументите кои во образложението од Владата се дадени тука дека ова даночно ослободување би имало негативни последици во нарушувањето на планираните приходи во Буџетот за оваа година, обемот на странските инвестиции кои до овој момент во РМ го имаме е таков, да не речам е минорен приходот во однос на овие 5% во Буџетот во РМ.

Кога веќе Владата во претходниот закон се откажува од одреден даночен приход во Буџетот, добро би било, има сеуште време претставникот во Владата да го корегира овој став, за даде една позитивистичка смисла за овие 5%. Добро би било да има подеднаков третман барем овој основ, т.е. даночното оптоварување на странските директни инвестиции. Мислам дека друг аргумент во образложението, навистина не стои, така да и самото образложение од Владата, мислам дека нема некоја посебна тежина. Сепак, ова се однесува за посточекиот Царински закон и за постоечкиот Закон за данок на приходи и услуги кој гледаме дека веќе е надминат и се предлага нормално овој европски прифатен и европски инволвиран данок на промет и услуги.

Оваа проблематика во разговорите со министерот за финансии во новиот Закон за додатна вредност е компленто тангирана и е прифатено она решение што сега го нудам јас во самиот закон. Значи сугестиите, нормално и мои и од многу други стручнаци, придонеле овој третман да добие прав третман како што заслужува, но мислам дека во овој период од сега, па како што во Законот за додатна вредност се предвидува, ако се донесе, тој да стапи во сила од 1.01.1999 година, сепак овие шест месеци се период во кој може уште некои странски инвеститор да се привлече, барем по овој основ.

Кога веќе стратешки гледано државата се одлучува на еден ваков генерален пристап, добро би било она време што досега беше изгубено во претходните две три години, барем во овие дополнителни пет шест месеци до донесувањето и до профункционирањето на Законот за додатна вредност, сепак да се има предвид и на одреден начин да се избалансира.

Тоа се аргументите од моја страна, мислам дека се адекватн прифатливи, морам да кажам дека се потврдени во разговори со еминентни стручњаци и гледано од економска проблематика,

посебно од правна проблематика, мислам дека се доволни аргументите и пред ресорниот министер и пред Владата, а најмногу пред сите странски инвеститори, оние кои сега веќе тропнале на вратата на Владата и на Агенцијата за трансформација и оние кои планираат да тропнат, на ваков начин да ги пречекаме со отворени врати.

Мислам дека македонското гостопримство презентирано и познато од вербална страна, мислам дека и со вакви чекори би требало истото да биде прифатено од странците, со мала корекција од мнението на министерот да добие преодна оценка, апелирам и до моите колеги да имаат дослух за оваа проблематика и аргументите кои ги истакнав тука, истиот закон да го прифатат и истиот да биде во сила до донесувањето на Законот за додатна вредност, каде уште еднаш повторувам оваа проблематика е на адекватен начин решена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас сум должен да укажам сепак, дека не е коректно да се навредуваат Абориџините, за евентуалното наше незнаење, бидејќи рековте дека демонстрираме незнаење како доморотците во Австралија.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Токму кога ја отворивте оваа проблематика, јас повторно се навратив, бидејќи за жал, коментаторите на државното радио, на Македонското радио, таа компарација помеѓу австралијанци и аборџини ја направија и меѓу претставници на опозицијата, кога дискутираа за оваа проблематика и останатите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е проблем на новинарите.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Да, тоа е проблем на новинарите, но истакнувам дека тие новинари, дека таа куќа има големо влијание преку органите кои се делегирани од ова Собрание во многу многу други тела во таа куќа, во таа уредувачка политика на Македонското радио.

Не би било добро, Македонското радио да дава таков третман на пратениците од опозиција и позиција..

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сепак, ќе се согласите тоа е друга работа.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Тоа е иста работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, значи ние не се согласуваме.

Молам, кој друг бара збор?

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Прво веднаш на почетокот да кажам дека не се согласувам со законот, затоа што 5% за странски инвеститор, а еднократно е додавањето према државата, нема да го обесхрабри, бидејќи овие 5% значат нешто во Буџетот на државата. И опремата оданочена со 5% е многу мал процент, према она што се случува во другите земји, односно од каде што иде тој инвеститор. Во тие земји се движи некаде од 15 до 20%.

Втора работа, кој што ќе инвестира средства во Македонија, односно донесе опрема и се плати 5% данок на опремата, многу повеќе ќе го интересираат други работи, а тоа е данокот од добивка што треба да го плати, од 30 на 15 се сведува во оваа држава, потоа евтината работна рака, што постои во оваа држава, политичка стабилност и опслужување. Овие се фкаторите што ќе го охрабрат и обесхрабрат тој инвеститор што сака да вложи капител во Македонија.

Трета работа што е многу битна, тоа беше претходниот закон, што вие го поздравивте како пратеник, каде што таа трансферирана добивка нема да му се опорези. Тоа е варијабилниот фактор што е најбитен за оној што инвестира, во профитот, односно добивката. Со 5% зборувам дека нема некој да се обесхрабри за да пополни еден дел во Буџетот. Можеби во некое догледно време Македонија ќе има таков буџет или таква маса на средства и ќе може да ги ослободи странските инвестиции од овие 5%.

Ова е моето мислење за предлогот на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги.

Кој е за молам да крене рака? (16).

Дали има некој против? (33).

Кој се воздржува од гласање? (2).

Колку пратеници има во салата?

Педесет и седум пратеници се присутни во салата.

Според тоа, гласањето неможе да биде валидно.

Уште се носевме со амбиции со 80 пратеници.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 22 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (37 пратеници гласаа против).

Кој се воздржува од гласање? (3 пратеника се воздржуваат од гласање).

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на Закон за научно - културни средби "10 дена Крушевска република", со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Г-дин Ристо Марковски.

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, ми причинува големо задоволство што можам во името на сите предлагачи да го образложам кратко Предлогот за донесување на Закон за научно - културни средби "10 дена Крушевска република".

Основното начело на кое се заснова овој закон е законско институционализирање на научно - културните средби "10 дена Крушевска република" и нивно продолжување со работа како

установа од републичко значење, чија основна цел е негување и унапредување на настани од историското наследство на Републиката и создавање на своја држава. Иако се основани далечната 1967 година со одлука на Собрание на општина Крушево, долгогодишното постоење на овие средби и нивното научно - културно и просветно значење се докажа и потврди со големиот број трудови, кој во изминатиов период придонесоа да се расветлат и да се докажат значајни настани од историското минато на Македонскиот народ и создавањето на самостојна, независна и самостојна Македонија.

Дејноста на средбите во изминатиот период од 30 години по својата содржина и научни трудови кои се отпечатени на над 3.000 страници веќе ги надмина рамките на општина Крушево и овие средби прераснаа во значаен научно - просветен настан од државен карактер, кои за време на 10 дена секоја година собира значајни имиња од научниот, културниот и просветниот живот на Република Македонија.

Во прилог на наведеното е и организирањето секоја година на општонародниот собир на Мечкин камен, каде што од година во година станува се помасовно присуството на граѓаните од сите делови на нашата држава, со пригодни говори на наши државни раководители. Со тоа средбите добиваат општо народен и национален карактер со елементи на државно прославување на националниот празник Илинден.

Со оглед на тоа што законот, чие донесување се предлага не е сложен и обемен закон и претставува законско верифицирање на постојната состојба на средбите, согласно член 36 од Деловникот на Република Македонија, предлагам Предлогот за донесување на закон да се донесе на истата седница на која што ќе се разгледа и Предлогот на законот.

Дами и господа пратеници, верувајќи дека законот што го предлагаме, кој ја доби и поддршката на Владата ќе наиде и на Ваша поддршка.

Благодарам на Вашето внимание.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска се јавувам за дискусија како прв и тоа се знае кога не сакам овој дом да греши, а би сакал да биде доследен на познатите историски начела на значајната Крушевска Република. За жал, тоа досега случај не е. Меѓутоа, додека некои многу важни закони како што е Законот за високото образование, па Деловникот на Собранието на Република Македонија итн., веќе со години се пролонгираат и уште не се донесени. Група предлагачи во прв ред од владеачката партија на СДСМ како да немаат со што да се занимаваат и само да покажат дека и ние можеме да предлагаме еден краток и лесен закон, ни предлагаат, да не кажам, проект без никакво значење, туку многу спореден. За да им служи како политички маркетинг и да се обидуваат да го враќаат колку - толку изгубениот рејтинг на нивната партија, иако вакви Закони за научно - културни и слични манифестации колку ги има во цела Република Македонија, сега, а уште повеќе во иднина, кои се регулираат со закони, Собранието треба да се занимава само со оваа работа.

Оваа забелешка не ја намалува релевантноста на научно - културните средби "10 дена Крушевска Република", бидејќи ова е многу важна манифестација, но нејзината институционализација е регулирана со одлука на Собранието на општина Крушево на 29 март 1967 година. И, тоа за сега е доволно, па нема потреба да има предност пред многу поважните, по актуелните и по комплицираните законски проекти, кои не можат веќе да се одолговлечуваат.

Но, бидејќи ни се наметнува и ваков законски проект од едвај страница и пол и се 5 членови, вклучувајќи ги и уводните и другите формални односно со еден поважен член, а почнувајќи и од фактот дека е многу слаб и дури несериозен предлог, не само од формално правна, туку и од материјално правна природа, не можеме да допуштиме да помине така лесно, површно, невидено, случајно, како и десетина, стотина други вакви и слични закони, кои беа донесени и од овој висок законодавен дом и во овој мандатен период. Бидејќи централно место во овој закон, како по обемноста, так и по значајноста, провокативноста и во исто време и слабоста зазема токму членот 2, има малку повеќе, односно исклучиво ќе се занимаваме со него и тоа и од историска и од актуелна гледна точка. Имено, предлагачите на овој законски проект во членот 2, став 1 ги набројуваат со 4 алинеји задачите и целите на средбите.

Во прв ред се наведува дека задачите и целите на средбите се афирмирање на НОБ на Македонскиот народ во Илинденското востание и во Народноослободителната и фашистичката војна, а притоа како да заборавaат дека и едната и другата војна беше заедничка, посебно со албанците, а за да се конформира ова треба само малку по студиозно да се прелистаат не само најрелевантните документи во разните архиви, па дури и насловената историја на Македонскиот народ, каде ќе најдат и повици, афиши, прокламации, дури и манифест, како и резултати од заедничкото војување. Потенцирам, заедничкото војување.

Понатаму, цитирам: "продлабочувањето на сознанијата за Илинден и Крушевската Република и за значајни настани и личности од историско минато на Македонскиот народ, треба да се поврзува и да дополнува и со другите национални колективитети во прв ред со албанскиот".

Понатаму велат предлагачите "поттикнувањето на научното, културното и просветното творештво, чија инспирација е Илинден и борбата на Македонскиот народ за национално ослободување, создавање на своја држава, не може да се направи", продолжувам јас вака, одвоено, себично, мегаломански, наметнато со фалсификување и преку законски правни норми преку овој висок законодавен дом, бидејќи во науката, на сите да ни е јасно, има и враќање на бумеранг кога се во прашање фактите и тие ти се осветуваат неповратно.

Исто така, цитирам: "одбележувањето", велат предлагачите "на значајни датуми од минатото на Македонскиот народ за негово национално и социјално ослободување, херојствата на учесниците во Илинденското востание од 1903 година, како и решенијата и одлуките на АСНОМ врз чии темели е создадена Македонската држава". Неможе на овој начин, не може со ваков текст, не може со вакво лошо, не научно, злонамерно, лаично составување и претставување, предлагање на овој дом, а можеби и усвојување да се презентира и пред широката јавност, бидејќи вака еднострано, сепаратно, гетоизирано итн., значи ептен претерување и на крајот незначи ништо!

Потполната слика на ова се манифестира и од самиот факт на листата на предлагачите, главно на владеачката партија на СДСМ, меѓу кои од 28 нив не е ни еден Албанец, па дури и од коалицијата, а вака не вели ниту македонската историографија, а да не говориме за другите документи и факти, ниту за времето на Илинден и Крушевската Република, ниту за време на Втората светска војна и АСНОМ, па дури и подоцна.

Од многубројните факти и аргументи на неколку јазици, вклучувајќи го и Албанскиот јазик, можеме на најконцизен начин да одвоиме само неколку контра аргументи. "Штабот на востанието

ја претставува воената власт во градот. За избор на други органи на револуцијата било свикано Собрание на истакнати граѓани, претставници на сите народности, повторувам на сите народности во градот. Овој највисок орган составен од 60 души, потенцирам од 60 души вели во историјата на Македонскиот народ, го сочинувал Советот на Републиката, значи на Крушевската Република". Крушевската Република била составена на "длабоко демократски и републикански принципи". Потенцирам на длабоко демократски и републикански принципи. Значи, тогаш, секој член на Владата" вршел определена функција како помошни тела на Владата, биле фомирани комисии. Судските функции ги вршел специјално за таа цел избран воен суд. Покрај Советот, била избрана и привремената Влада составена од 6 члена. Потенцирам, составена од 6 члена. На чело на Владата како нејзин претседател стоел Вангудину, кој бил одговорен за судството. Потоа, Ѓорѓи Чаче, секретар одговорен за реквизицијата. Теохар Мешков, одговорен за финансиите. Христо П. Чурчиев, одговорен за внатрешни работи. Димитар Секулов, одговорен за прехраната. Никола Баљу, одговорен за санитет.

Сето ова беше историја на Македонскиот народ, глава 8, под 7 Крушевска Република - Скопје 1969 година, на страница 237. Треба да се потенцира дека од овие 6 члена, продолжувам јас, покрај двајца македонци и двајца власи, двајцата од нив, значи од привремената Влада Ѓорѓи Чаче и Никола Баљу беа албанци. Тоа само по себе зборува за рамноправноста и паритетот и во извршната власт т.е. во тогашната Влада, како што беа презентирани трите овие народности и во Собранието на Крушевската Република од 60 нив, токму 20 беа албанци, 20 македонци и 20 власи.

А, сега, додека во познатиот Крушевски манифест православните албанци, македонци и власи ги повикуваат и албанците од исламска вероисповест: "Елате браќа муслимани да тргнеме против вашите и наши душмани, елате под бајракот на автономна Македонија. Македонија е заедничка наша мајка и ве вика на помош. Елате да ги скршиме зинчиите на ропството. Да се куртулиме од маките и страдањата. Елате при нас браќа да ги слееме душите и срцата и да се спасиме. Таа и нашата челад да живее мирно и спокојно, да си работат и да напредуваат". Исто и ова е од Историја на Македонскиот народ, страница 236.

Во книгата Албанците во Македонија, на страница 257/262 во својата статија од симпозиумот од национален меѓународен карактер, во својата статија Албанците и Илинденското востание пишува и д-р Шабан Превала дека, "во редовите на востаниците имаше македонци, власи и албанци од Крушево и околината. И топот од трешњи е дело на браќата Боријари, албанци од Крушево. И знамето на востаниците е дело на една девојка Албанка од село Прибилце, учесник, вели тој, од четите на Чауле Алабах и Петар Лесов бил и Бељуљ Наџату од струшко, кој токму за ова до крајот на својот живот ја примил пензијата на Илинден". Кога од Девол албанците му донесоа оружје и муниција на Насе Капеданче, Македонец, тој им се обратил "аферим албанците се наши браќа, луѓе од беса и јунаци со крила". Рамноправно учество на албанците во Советот, во Парламентот, вели понатаму д-р Шабан Превала и во привремената Влада на Крушевската Република, сведочи јасно за учеството и посебната помош на албанците во Илинденското востание, како и за правилната политика, кој се споредуваше во тоа време.

Исто така, јасно произлегува дека и по овој повод албанците беа претставени како државотворци, потенцирам како државотворци и носители на одговорноста на власта во оваа прва Република, вели д-р Шабан Превала, како демократска форма во срцето на Балканското полуострово, завршува д-р Шабан Превала бивши пратеник во Собранието на Република Македонија и сегашен вице гувернер на Народната банка на Македонија итн.

Тоа беа само некои од безбројните научно – историски и политички правни докази, дека на крушевската Република треба да прситапат и Албанците со статии од научен поглед. Исто важи и за културните манифестации на средбите.

Во прилог на ова доволно е од многубројните аргументи да потенцираме само еден повторно само од историјата на Македонскиот народ. За да бидам пократок вели: овој заеднички живот при несреќни околности направил во народната литература на албанците во Македонија, да биде присутен не само автохтониот, туку и балканскиот дух. Ова најдобро го демонстрира моралот на Албанците почнувајќи од фамилијардниот и општествениот живот, до индустриското домаќинство на жените, а архитектонската конструкција на куќите, орудијата на селскиот живот, носиите итн.

Богати, интересни и разновидни се епските песни на Албанците во Македонија кои покажуваат колку е богата фантазијата на непознатиот албански поет во Македонија. Тие се многу стари и со митолошко наследство. Најмногу се среќаваат во околината на Дебар и Кичево. Вакви легенди има во околината на Дебар и во самиот Дебар со наслов "Мостот на Дебар" или во околината на Кичево со наслов "Град и мостови", како варијанти на овие легенди треба да се спомнат и Халил Гарија, Имер Ага, Љуто Фукараја.

Народната етика е богата и во народните приказни кои се во прв ред производ на богатата фантазија на усното творештво. Типичнат албанска куќа во Македонија е дебарската и кичевската. Цртите на албанците вели понатаму во историјата на Македонскиот народ за нивното постоење денес сведочат само некои од зачуваните топоними, па во историјата пишува на албански во превод кај црквата. Пишува во историјата на Македонскиот народ на албански, па во превод кај христијанските гробишта. Тоа во историјата никому не му пречи ниту на историчарите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Сали Рамадани се извинувам што ве прекинувам, дајте на темата немојте историски предавања, не е научен собир туку законот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Закон да, но има и културен карактер. При крај сум, бидете стрпливи. Не дозволувате да се цитира ни историјата на Македонскиот народ, ако почнам со историјата на албанскиот народ и учебниците тогаш каде ќе оди.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа на некој симпозиум ова е Собрание.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Продолжувам, таму каде што повеќе се зачувани традициите на законите, а се пеат во случај на свадби или празници. Албанската народна литература е богата и во народните приказни, кои се во прв ред производ на богатата фантазија на усното творештво. Женската носија е многу богата со разновиден колорит. Прототип е од Кичево и во Глава VIII се вели "КУлтурно творечки појави на албанската народност во Македонија" во историјата на Македонскиот народ страница 325-327.

Од сето тоа што е речено произлегува колку е значајно и албанците да бидат претставени не само така рамноправни на научно - културните средби "Десет дена Крушевската Република"

и со културни манифестации како што обврзуваат уставните, законските, меѓународните одредби и конвенции, туку и да раководат рамноправно со нив во секој поглед.

Поради овие изнесени причини, предлагам не само да не се донесува овој закон во две фази, туку да не се донесува никаков. Посебно како таков, бидејќи нема никаква смисла, никаков резон во тој поглед. На ваков начин неможе ниту во континуитет на светлите примери на заедничката борба во минатото, како што се тие и од Крушевската Република, која треба да послужи за пример и во современиот и во идниот живот на сегашните и идните поколенија.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Почитувна претседателе, дами и господа пратеници, мислам дека законот кој што се предлага непотребно го оптоварува Собранието со работи кои треба да бидат објект на работа на одредени совети, Министерството за култура, научни институции и такви слични кои се занимаваат со оваа проблематика и дека навистина не гледам потреба и причина за донесување на ваков закон, затоа што ако вака, како што сме тргнале одиме, би требало за се што е значајно во оваа држава да носиме посебни закони.

Тоа е првото што би сакал да го кажам, а второто се однесува на забелешките кои што ги изнесе г-динот Сали Рамадани. Јас во недостаток од познавање на историјата, по однос на Илинденското востани и Крушевската Република, ќе се воздржам од поширoко елаборирање на истото, но тие малку сознанија што ги имаме, мислам дека треба да биде јасно дека ваков закон е штетен за РМ. Ваков закон е само продолжување на поделбите кои што веќе ги имаме во РМ и ваков закон во секој случај, ние кои не се гледаме себеси во ваквите закони, само не прави да се чувствуваме уште по фрустрирано со носење на вакви закони.

Мислам дека предлагачите би требало да имаат елементарна доза на внимание кон нас сограѓани, кои што во никој случај неможе да се оставиме на страна, поготово што барем што се однесува до Илинденското востание и Крушевската Република, навистина учеството на албанците и на власите било, и те како значајно. Поради тоа, сметам дека амандмантската интервенција од страна на Комисијата е недоволна, затоа што прави една исправка, само на делот што се однесува на Народноослободителната и антифашистичка војна, додека во делот на Илинденското востание и создавањето на Крушевската Република, сепак се остава како востание кое се однесува само на Македонскиот народ.

Мислам дека уште не е доцна, предлагачите на законот да ги исправат овие нелогичности. Амандманите на г-динот Сали Рамадани, мислам дека би требало да се надополнат и со власите кои исто така имаат истакнато учество во Крушевската Република и овој закон евентуално, ако се инсистира да се донесе, само по таа фирма би можело да се добие и наша поддршка.

Инаку, доколку тоа не се случи, обрнувам внимание уште еднаш, ова Собрание со ваквите закони само придонесува за натамошните поделби во РМ по национална основа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин претседателе дами и господа пратеници, Пратеничката група на ЛДП го разгледа овој проект на законот и реши да го поддржи и да гласа за неговото донесување.

Малку сум збунет од настапите што овде ги слушавме, мислев дека нема да има вака упорно и жестоко негирање на борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување и мислам дека овој закон, ничии придонес не го намалува во таа борба. Колку што можев да видам дека тој се повикува во образложението и на учеството на националностите во борбата.

Меѓутоа, ако се сака од оваа говорница да се докаже дека и Илинденското востание не е востание на Македонскиот народ, заради тоа што учествувале во него и албанци и власи, мислам дека тоа не е начин на кој треба да ги градиме односите во Македонија. Се разбира, и во Илинденското востание имаат учествувано и во НОБ, ќе дојдеме до тоа учествувале и албанци и власи и во сите силни востанија против отоманската империја на Балканот, имаат учествувано и македонци во првото Српско востание, учествуваат и македонци, како што знаете на Иванковац, планот го има направено еден капетан во австриската војска, македонец, мавровец, кој пребегал и помагал и бил командант таму итн., меѓутоа тоа никако незначи дека тоа востание е востание на српскиот народ. Имало и доста масовни единици кои учествувале, исто така и во бугарското априлско востание, исто така и во некои други војни итн. И во Илинденското востание имаат учествувано си-гурно и албанци и власи, тоа никој не го порекнува, но овде станува збор за закон со кој сакаме да го одбележиме значењето на Крушевската Рвпбулика во историјата на Македонскиот народ и на македонската држава.

Затоа ве молам, сите овде да имаме еден пиетет према таа историја, тие историски факти. Многу е значајно, нашиот денешен однос кон тие факти да биде одраз на нашето почитување, на корените на оваа држава сега што ја имаме, да се одбрани мирот во неа, да се одбрани нејзината иднина, ако сакаме во секој момент да се преброиме, изброиме и доброиме и да кажеме дека ние бевме толку, вие бевте толку. Тоа не води во многу опасна ситуација да видиме и од другата страна кои колку беа. Тие востанија биле против некои војски. Тие буни и револуции исто така. Тоа ако се расправа на симпозиум сосема е во ред. Нека се пишуваат книги, нека се одмеруваат аргументите итн. Меѓутоа, ова не е толку далеку да не знаеме, историското памтење е јасен доказ овде.

Затоа јас би Ви препорачал, без оглед што се наоѓаме во последните шест месеци од изборите, оваа говорница ваков повод, да не ја користиме за некои омаловажувања за битни, важни историски настани и меѓници во нашата историја.

Предлагам сепак да го гласаме овој закон. Јас морам да ви кажам јас мислев дека нашите пратеници од албанска националност, ќе дадат силна поддршка на овој закон. На тој начин исто така ќе ја демонстрираат и својата приврзаност на оваа држава. Да не ни биде принципот на дневно пребројување, Тоа никаде не води и нанело многу зла во историјата на другите. Зарем толку не можеме да научиме зошто не се сака да се прифати со задоволство поддршка, со разбирање, еден акт кој народот го почитува.

Нашата пратеничка група ќе гласа за овој закон и го прифаќа предлогот на уводничарот, на оваа седница ако може да биде и донесен.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, веднаш да кажам дека и јас сум еден од предлагачите на овој закон, не има повеќе од 30 кои сме потпишани, со цел да институционализираме една средба, установа да добие ранг на републичко значење, се заради негување и унапредување на настани од историското наследство на РМ. Имаше овде дискутанти кои што ја омаловажуваа самата содржина на предлогот на законот.

На дискусијата на г-динот Сали Рамадани би сакал да укажам дека во расправата и во Комисијата за одбележување на јубилејот имаше еден позитивен однос, кој што впрочен е одлика

на македонското национално ослободително движење, во обидот да гради демократска држава и кој што, уште во времето на Илинденското востани и пред тоа создавал една филозофија и концепција на заеднички живот почитување на обичаитек, на навиките, взаемната сигурност на македонскиот народ и националностите кои што живеат и дека целта на законот беше афирмирање на вековните стремежи на македонскиот народ и националностите кои што живеат, да се институнационализира една ваква установа, која би имала карактер од репбуличко значење.

Би потсетил дека во таквата концепција и филозофија и одликата на македонското национално движење, дошло до момент кога РМ ја остварила својата национална слобода и формирала држава во борбата заедно со националностите кои што се бореле и живеат уште заедно.

Не би сакал посебно да елаборирам дека тој вековен стремеж бил и на албанскиот народ, државотворноста по ова прашање, тоа веќе поттикнува на една друга расправа по која основа има редефинирање на основниот концепт на организирање на државата како РМ, што значи еден по друг концепт и уставно редифинирање, кој што не само го слушаме од македонците од албанско етничко потекло, туку и од други политички партии, кои се вон Собранието на РМ.

Јас сум должен како предлагач и како пратеник да укажам дека Уставот на РМ не побудува ниту генерира поделби по ниту еден вид на национална основа, дека сосема е јасно дека е национална држава на македонскиот народ во смисла на изразување на рамката како држава, држава во која македонскиот народ со националностите ја остварил својата национална слобода и формирал држава.

Уставот, не практикува национална држава на македонскиот народ во кој што, во смисла на колективистичка национална држава, се разбира, и во смисла дека суверенoста на институциите ќе произлегуваат од националнста сувереност на мнозинскиот народ во РМ. Тоа сосема јасно треба да се каже. Ниту постои можност и шанса во смисла дека РМ е парче територија каде живеат граѓани организирани да фомираат, и од граѓани на парче територија кои произлетуваат институциите на системот.

Би сакал да укажам во оваа прилика дека, таквите залагања дека токму таквите залагања и практикувањето на сфаќањето на РМ како национална држава во која што од институциите на системот произлегуваат тие од националниот суверенитет на мнозинскиот народ, тоа е концепт што одговара на веќе континуирано постојните нови и постари концепти на организирање на македонската држава, а тоа значи отворање на еден простор и отворање на широка врата на отворени конфликти и стумуланс на концептот на мултинационална држава. Односно, тешко може да се претпостави, ниту има шанси, ниту има можности, а би рекол ниту има потреби од едно поинакво решение што во основа би значело создавање на колективни авторитети и повеќе политички состојби врз национална основа, затоа што тоа, во крајна линија, значи одлучување преку колективни политички субјекти, а тоа веќе води кон принцип на вето, принцип на условување во процесот на донесување на одлуки, онака како е организирана РМ.

Затоа, би сакал да истакнам дека и Предлогот за донесување на овој закон е правен во таков дух во кој што целосно се афирмира стремежот на македонскиот народ и националностите кои што целосно се афирмираат стремежот на македонскиот народ и на националностите во НОВ, Илинденското востание и создавањето на Крушевската Република и во РМ непостои шанса врз оваа основа да водиме посебни дискусии.

Во РМ не постои шанса да се води повеќе национална демократија, што значи систем во кој националностите како колективни политички субјекти би ја организирале државата и така би одлучувале и би го условувале системот на донесување на одлуки, како што не постои шанса Македонија и нејзината стабилност да ја држиме врз некаков концепт на националниот суверенитет, врз база на мнозинскиот народ.

Ние, и денеска постигнуваме и имаме концепт на држава во кој со висок степен или со висок стандард се прифатени правата на националностите како граѓански права. Тоа се прави поради потребата да го правиме заради РМ, заради нејзините внатрешни односи. Тоа го правиме заради способноста да функционира како заедница, како држава, како мултикултурно општество, како плуралистичко општество и како демократско општество во сферата на одлучувањето.

Другите пропорции и односи ќе се изразат во сферата на политичкиот плурализам. Не еднаш беше кажано на оваа говорница. Би сакал да му укажам на колегата Рамадани Сали, дека предлагачите на овој закон воделе сметка пред се во потребата да се даде републичко значење, таа установа да се институционализира како од републичко значење. Целата основа ни беше дека има потреба од негување и унапредување на настаните од историско значење, од историско наследство на Република Македонија. Предлагачите се подготвени да внесат моменти кои би значеле подобрување на одреден дел од текстови, кои не би ги нарушиле основните правци кои предлагачите сакаат да ги дадат.

На крајот, би сакал да истакнам дека токму преку ваквото размислување и преку ваквото гледање на работите, мислам дека Република Македонија денес остава простор, создава можности еден висок степен да спречи, а не да поттикне и да отвори врата на отворени конфликти како стимул на концептот на мултинационална држава.

**ТИТО П1ЕТК0ВСКИ:**

Реплика за господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Другар господине Андов, и албанците од цела Македонија од вас лично вакви мислења, ставови слушале 50 години. Албанците за вас беа секогаш и сега се нелојални, тие не се за оваа држава Македонија според вас, дека се сепаратисти итн. Токму тие ваши наводи како да ги предосетив од научна, историска, правно - политичка база со повеќе цитати отколку со мои зборови би ги докажал и тоа веќе не пали.

Значи, дадов значење на Крушевската Република не заради вас, како што сака некој, туку такви се документите. А за претходниот, иако се обидуваше нешто да исправи, само што е доцна најверојатно, ако не оди во две фази, ние го имаме текстот во раце.

Господа, според овој закон, според овој проект, според овој Предлог на закон, ако се преведува на странски јазици, тој се однесува на македонците. Со ништо не се спомнува ни Албанец, ни било која друга националност. Меѓутоа, да не беше ваква историската улога на Крушевска Република, јас не би барал тука да бидат заеднички средби, затоа што и не мора. Има и други средби во Република Македонија, и во Тетово и во Струга итн., кои имаат национален карактер. Малку потсет, ништо нема лошо ни тоа. Има и десетина средби во Македонија, мене не ми пречат, во Источна Македонија и во Скопје и насекаде. Туку токму би сакал да се докаже дека ќе одиме по традициите да ги култивираме тие светли традиции на овој историски значајна

Крушевска Република, би требало и на симболичен начин навистина да бидат заеднички средби и ништо повеќе.

Значи, или не ме сфативте или не го сакате тоа, тоа е ваша работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани пратеници, според мене неочекувано се отвори една неубава расправа по Предлогот за донесување на закон, во која слушнавме едни и други мислења, кои според мене навлегуваат во некоја материја во која не треба во моментот да се навлегува.

За мене како член на оваа комисија, па и како член на Устав ната комисија уште 1990 и 91 година кога го кроевме Уставот на Република Македонија, ние тогаш рековме дека Македонија, од тука ќе почнам Македонија мора да ја окарактеризираме и да и дадеме белег дека е таа национална држава на македонскиот народ, заради тоа што има македонци во Егејска Македонија, Пиринска Македонија, па и во некој  друг дел од светот. Да знаат луѓето дека имаат своја матична држава тука во Македонија.

Меѓутоа, тоа никако не значеше и тогаш беше кажано дека тоа треба некој да го земе здраво за готово и да рече, еве се знае кој е стопанот во Република Македонија, или во Македонија овие се господари, а овие другите се робови. Во тоа не навлеговме, заради тоа што бевме осознаени дека такво нешто нема да се случи. Тоа е едната работа што сакав да ја кажам.

Втора работа: од осознавањето дека според Уставот ако Република Македонија е национална држава, би сакал правниците или луѓето кои се бават со политички науки да ме исправат, ако овде се спомнува и се употребува термин суверенитет, од каде произлегува на кого му припаѓа, колку што јас знам, според Уставот Република Македонија освен во преамбулата на сите други места тоа е граѓанска држава, суверенитетот произлегува од граѓаните и на нив им припаѓа. На граѓаните, друго нешто нема. За било какво друго толкување би сакал некој да ми каже со Устав дека не е тоа така.

И трета работа, јас како член на оваа комисија, како пратеник во Собранието на Република Македонија, јас би ве молел колеги, бидејќи ова е многу сериозна работа, јас не гледам повод денес да се расправаме дали и некои други треба да се спомнат овде околу Крушевската Република. Јас знам, го знам перфектно Манифестот на Крушевската Република, меѓутоа исто така знам за ТМРО, за ВМРО низ сите простори на овој Балкан, за сите настани кои се случуваа. Јас имав една голема книга. За жал, таа се викаше "Политичките убиства во Бугарија", кој со кого се биеше и кој кого уништуваше, како се уништуваа нашите борци тогаш во Македонија.

Како резултат на се она што се случувало во Република Македонија одлучено е, дали предвреме или на време токму во Крушево да биде востанието и во Крушево се погодило како најприкладно место да речам, а таму живеат и албанци кои заедно со ма-кедонците се бореа и власи кои се бореа заедно со македонците и ништо чудно не е што во Манифестот на Крушевската Република се спомнати "Дојдете браќа", она што го спомна господинот Сали Рамадани и во правое е.

Меѓутоа, мислам дека ако се ова научни средби, тогаш во рамките на тие научни средби да се даваат тие осознавања, дека е тоа така и ниако поинаку, точно е и во право е господинот Сали Рамадани што овде кажа, односно она што го кажа. Точно е, но тоа не е предмет на денешна расправа, тоа е предмет на тие научни манифестации што ќе бидат во Крушево.

Според тоа, јас сметам дека законот држи, бидејќи проф.д-р Ѓорѓи Цаца беше присутен на последната седница, даде одредено усмерување во овој дел кај што се говори за Народноослободителната војна, а 2 Август се  знае тогаш дека тоа е резултат на нешто пошироко. Затоа е вметнат терминот "националностите".

Сакам пред вас да кажам една работа за овие што се присутни овде и за партиите кои се во коалиција, мислам дека треба да се организираат, ако треба, научни средби на радиото, на телевизијата, во печат да се пишува за ова прашање, за Крушевската Република, односно за АСНОМ, за да не дојде до она што дојде минатата година, тоа чудо, тоа плукање по знамињата, тоа викање "уа", навреда на претседателот на Републиката и други личности. Со тоа ја навредуваме Република Македонија, се навредуваме себеси. Заради тоа и едно мало дете треба да знае што е тоа Крушевска Република, што е тоа АСНОМ и во чест на тие два празника, тоа е обележје на државата Република Македонија, треба да се гордееме со тие два Илиндена да ги речам. Заради тоа треба и радиото и телевизијата и печатот да земат активно учество и на широко да го објаснат сето она што се случувало таму, а не она што се мисли на 2 Август 1944 година,  ние сакаме само на овој дел на Вардарска Македонија да направиме држава, односно ја створивме државата заборавајќи се друго. Не е точно тоа. Тоа треба да се објасни научно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Таири има збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Нека не биде реплика, нека биде коментар ова што ќе го кажам за некои искажувања. Но во секој случај сакам да кажам, да бидеш слаткоречив не значи да бидеш помалку убитачен, што значи дека може цел ден да ме убедувате овде дека овој закон е потребен, води сметка за мултикултурноста, мултинационалноста, за афирмација и на настаните во кои учествувале и националностите.

Но кога би било така, не би бил Предлогот на законот ова што е, каде што само македонскиот народ се третира во законот и никаде го нема учеството на националностите, на албанците и на власите конкретно мислам, незнам за други. Кога не би било така, веројатно членовите на Комисијата за одбележување годишнина, значајни настани и личности не би имале потреба од амандманска интервенција во членот 2 став 1, каде не во Крушевската Република и во Илинденското Востание, туку во Народноослободителната и Антифашистичката војна би се вклучило и учеството на националностите. Така што не гледам дека се исправа нешто со овој амандман, и дека токму спротивното, се инсистира да се задржи претходното, текстот кој што постоел и со ова само се води незначителна исправка и тоа само во делот на Народноослободителната војна.

Што се однесува до другите прашања на лојалноста, на потребата,  јас не чувствувам потреба да се додворува некому со тоа што ќе поддржам закон, кој по мое лично убедување не е во функција на градење на некое заедништво на меѓусебно почитување, туку токму спротивното. И не зборовите што ги кажуваме ние од оваа говорница, туку и законите кои ги усвојуваме во ова Собрание, исто така придонесуваат за климата која ќе ја имаме надвор кога ќе излеземе од ова Собрание. Така што да не се залажуваме, со слатки зборови не се менуваат нештата.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, желбата да се дискутира сигурно е повеќе производ на она што се кажа отколку да се изгради некој активен однос спрема Предлогот на законот. Меѓутоа, гледајќи дека тоа е предлог од пратеници, точно појдов од онаа основна идеа што сакал предлагачот да каже со овој закон.

Од правно политичка гледна точка и тек како има по мое длабоко убедување потреба од издигањето на оваа културна манифестација бидејќи појавата на државите се во најтесна корелација со историските стремежи на народите да имаат своја држава. Тоа што македонскиот народ историски имал многу премрежија од најразличен карактер, дека се избори за оваа самостојност и оваа државност само е факт повеќе што треба да се потенцира, а не никако да се ублажи, или да се сокрие.

Имено според повелбата на Обединетите Нации членот 4 дефинира дека, државите настануваат од народ, територија и власт што ја контролира, што се протега на таа територија. Токму историски гледано Крушевската Република и обидот да се воспостави таа државност ги потврдува тие стремежи на македонскиот народ и тој е најдлбоко национално чувство што кај нас Македонците произлегува кога ќе се спомне Илинден и Илинденското востание. После тоа секако се настаните кои во историјата ги поврзуваме со националното ослободување, со НОВ, со Вториот Илиден и со она што добар дел од нас овде сме современици, а тоа е 8 Септември и воспоставувањето на самостојноста и независноста на Република Македонија. Се друго што би одело во правец да се релативизира, не би сакал да верувам и негира историскиот пат по кој македон киот народ одел во остварувањето на својата државност, всушност би значело негација на принципите на демократијата и непочитување на она што пред нас некој историски го создал.

Според тоа, по мое длабоко убедување оваа манифестација заслужува да биде посебно регулирана, а токму тоа што носи предзнак на научна и културна, всушност го дава колоритот и правото надвор од структурата на власта, надвор од политичките односи да се искаже тој спектар на видувања на историските настани, а воедно низ потенцирање на тие културни традиции и богатството што го има фолклорот, уметноста и сите други пропратни елементи на културата да ја искаже и таа мултикултурна димензија на нашето современо живеење. Лично поинаквото да речам атакување на историските факти и меѓународните релации во кои Република Македонија ги обезбеди сите да речам историски, правни и меѓународни димензии на своето постоење и делување, по мене би значело еден клин на преиспитување на она што на одреден начин неможе да се преиспита во овој историски момент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас сум на мислење дека без оглед на тоа што закон ние тука ќе донесеме, мислам дека луѓето сепак овие настани спонтано ги прославуваат и тоа сум убедег дека многу подобро, бидејќи ние како импровизација што им нудиме, тие сепак прославуваат, а можеби и по искрено прославуваат. Сигурно понекогаш некој во овие настани ќе биде исвиркан, некој ќе биде аплаудиран, меѓутоа и тоа си е реалност, односно и тоа си е расположение. Тука едно е важно и мислам дека тоа на секого му е јасно дека, ние сме важна институција односно законодавната власт е најважна власт во една држава и како таква се претпоставува дека имаме и најважна и најголема одговорност за сите односи и дејности итн. во државата и ние како таква институција не би требало да донесуваме такви одлуки, односно такви закони, за кои после кратко време другите луѓе, а некои и сега ќе ни се потсмејуваат. Ќе се потсмеваат според мене на нашата кратковидност во доста деликатни пршаања, исто така ќе се потсмеваат на нашата неодговорност, исто така за доста деликатни прашања и со право ке го осудат нашиот талент за манипулација со луѓето.

Јас сум убеден и мислам дека тоа на секому е јасно ако не сме доволно способни да ги решаваме виталните проблеми на граѓаните, односно економските проблеми, социјалните проблеми, проблемите во однос на вработувањето, социјалата, културата, школувањето итн. не е ниту најмалку чесно и не е добро да настојуваме да ги заспиваме луѓето со некои празни закони.

Според мене овој е празен закон, од причина што покрива една дејност која многу подобро се манифестира, односно се прославува во споредба на ова што се нуди како закон. Мислам дека Република Македонија има една реалност, таа реалност е повеќе етничка реалност, односно повеќе национална реалност и тоа е добро што е така и тоа би требало да е богатство на Македонија. Исто така, реалност е и Крушевската Република, а сите ние без оглед на тоа дали историјата ја познаваме повеќе или помалку, сепак знаеме дека таа реалност не била сосем еднонационална и не мала еднонационален карактер. Едно е важно, мислам дека не би требало да се има еднонационален поглед во настаните кои се повеќе национални. Крушевската Република, мислам дека за среќа била повеќе национална.

И затоа мислам дека, ако се настојува еднонационално да се гледа кон ова прашање, кон овој настан, тоа може да се смета со право дека претставува газење по заслугите на тие луѓе кои во одреден момент беа спремни да го дадат животот за одредени односи. Тоа право мислам барем морално право никој го нема. Јас сум убеден дека на овој предлог му недостасува без оглед на добрата намера на предлагачите мислам дека му недостасува сенза реалност. Тоа е прво. И исто така недостасува сенс за искреност. Секој македонец кој афирмативно резонира за нашите односи. Мислам ќе се израдува што Албанците настојуваат да се прикаже една реалност во однос на Крушевската Репбулика. Од причина што тоа треба да се сфати во правец на функција на афирмација на заедничката историја на овие луѓе кои живееле на овие простори. Незнам зошто би било корисно ова да се игнорира, односно ова да се елиминира. Ние со полна уста понекогаш излегуваме и кажуваме дека ние сме за интегрирање на сите луѓе без оглед на нивната етничка припадност во државата, а напротив кога имаме шанси тоа да го строиме, напротив ние дејствуваме дезинтегративно и сметам дека не би требало сепарационо да се уредува ова прашање и би требало да се уважи реалноста во однос на Крушевската Република.

Затоа јас имам предлог, мислам дека предлагачите веројатно ќе размислат за добрата намера и искреноста на предлогот.

Предлагам законот да оди во две фази и предлагам уште повеќе да консултираме врвни научници за ова прашање и веројатно ќе имаме многу подобар закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас навистина бев убеден пред седницата господинот Марковски ми се обрати тука и ме праша дали ќе го поддржиме законот и како ќе се однесуваме. Бев убеден дека овој закон многу лесно ќе го усвоиме. Јас сум сосема

свесен верувајте и на оваа говорница повеќе по тие прашања доаѓам, не по некои вакви дека во Македонија се главни проблемите од економската, социјалната свера. Сосема сум свесен дека, имаме многу невработенк имаме неуспеси во економијата итн.

Меѓутоа, верувајте кога имаме и ваков закон треба да собереме сили и по овој закон исто така со нужно внимание и одговорност да застанеме и да се обидеме да го донесеме. Јас колку што чуствувам мене најмалку ми е до тоа со вакви закони да го замајуваме народот да не мисли на тоа што дневно се случува. Тоа не е точно. Овој закон си има своја функција, ве молам тогаш кога ние настојуваме стално да ги доведуваме тие прашања на дневен ред, за тоа овде вие гласајте барем да се стават на дневен ред, Вие гласате против тоа.

Но, настрана од сите тие работи. Ова прашање го сметав за важно во оваа фаза на развојот на нашата држава и еве ќе ви кажам зошто. Сватив дека порано пред повеќе партискиот систем постоеше во рамките на тогашниот Социјалистички Сојуз едно тело кое го именуваше Советот на средбите научно - културни за Крушевската Република. Тој Совет сега што постои е именуван од тоа време. Одамна му е мандатот изминат, но сега дојде едно ново време и сега мислам сосема се фер луѓето што потпишале и имаат само добра намера и ништо друго да во повеќе партискиот систем не дојде ситуација некоја партија да манипулира со создавање на тој Совет со влијание на неговата програма итн., туку тој совет да се заснива неговото постоење врз основа на закон како што е ред овде да не биде еднопартиски, или незнам каков совет, да не биде општински совет на Крушево, туку да биде Совет што ќе биде воспоставен врз основа на закон што ова Собрание ќе го донесе. Тоа им е намерата. Ништо во концепцијата на Советот кој досега работеше овде не се менува. Законот убаво го гледам и погрижете се сите да го видите законот. Ќе видите дека таму или неговите одредби се заснивaат на поранешните статути, или правила за работа на Советот, или нешто што веќе станало практика во работата на тој совет. И сега само во овие нови услови сосема да се нормализира таа ситуација, да неможе некој да става рака на него сосема коректно луѓето ни го предлагаат овој закон.

Она што не е коректно, не е коректно кога само тоа е намерата овде на овие што предлагаат закон да им се припише и затоа станав овде, да им се припише намера на некого да омаловажат, да внесат раздор во меѓунационалните односи итн. Не е точно тоа. Немам зошто да ги бранам луѓето, ама не гледам ниту еден елемент да постои некоја било каква, таква намера и ве молам без оглед колку е важно сега некој таму меѓу своите гласачи да се продуцира како голем патриот или претставник на својата националност итн. и бранител на интересите на припадниците на својата националност. По овие работи треба малку по мирно и трезвено да разговараме.

Инаку да не ја палиме работата. Не е добро, нема потреба од тоа. И затоа мислев дека многу мирно, бидејќи никој од пратениците ниеден збор не рекоа дека тој Совет не требаше да постои и дека и порано постоеше насилно итн. Не е така, ништо не рекоа, никој не го спори тоа. Според тоа, е сосема јасна состојбата. Мене да ми се припишува заради тоа што овде интервенирав да не се злоупотребува говорницата и да не воведеме теми кои не се врзани за овој закон. Може да се врзани за Уставот, јас знам има луѓе посебно од политичарите од албанската националност кои некои решенија во Уставот уште не ги прифаќаат, не се согласуваат, сакаат да бидат променети. Тоа е друго прашање. По тие прашања ако дојде ред некогаш да се расправаме, ќе ги размениме аргументите, ќе настапиме итн. Меѓутоа, зошто по секое прашање кое нема непосредна врска со тие прашања, зошто ги заостируваме односите непотребно.

Јас ве молам овде еден од пратениците ме обвинува дека јас сум ги обвинувал албанците за сепаратизам 50 години итн. Ве молам, сакам да ви кажам јас сум навистина постар човек ама имам 63 години, не почнав од 13 години да ги напаѓам итн. Прво, и никогаш никого не сум обвинил, ниту албанците сите, ниту паушално било кого да сум обвинил. Она што јас зборувам, јас морам да ви кажам имам доверба дека најголем број нашите граѓани од албанско потекло овде во Македонија ја почитуваат оваа земја и имаат доверба во неа и сакаат во неа да живеат. Сега што некои мислат дека тоа штом тие тука живеат веднаш треба да биде оваа двонационална земја, веднаш треба да има и двојазична земја итн, тоа се проблеми надвор од овој закон. Не ги воведувајте сега по оваа тема. Тие сме ги расправале, сме ги расчистиле и се знаат ставовите кои се наши, кои се на овој, кои се на оној итн. Се согласува за тие работи некогаш да расправаме на симпозиуми, на тркалезни маси можеби, тоа во Собранието немаме повод да го расправаме сега.

И сакам да ви кажам дека уставната конструкција на Македонија по мое длабоко убедување е затворена и таа постои веќе. Барем јас додека гледам, не гледам можност по тоа прашање да ги менуваме состојбите.

Меѓутоа, јас сакам да ви кажам нешто друго. Повеќе националности има и во други земји. Скоро беше овде една конференција, не е многу важно, на која беше и помошник на министер од Унгарија. На него му беше поставено и прашање и зборуваше за тоа што станува со големото мнозинство на малцинство, два милиона унгарци во Румунија. Тој вели, па добро јас сум еден од нив, министер сум, меѓутоа кога ќе излезам од државата јас сум румунец, а он во сред Будимпешта зборува со новинарите на румунски јазик. Тој вели јас тaa држава ја бранам, немам друга држава. Тоа е она што и Советот на Европа го има како концепт, тоа е она што Европскаста заедница го има како концепт и сите. Друга работа се малцинските права, правата на националностите кај нас. За тие работи можеме да зборуваме врз основа на Уставот, но да се оспорува се што е македонско и се што постоело и било прифатено и се служело тоа не можам да го разберам. Затоа не сакам никото да омаловажувам, на средбите таму веројатно ке се зборува, секоја година се организираат и тоа кои албанци учествувале, колку учествувале кои власи учествувале, како учествувале, ќе има, имало и досега. И не само Шабан Превала и македонски автори исто така за тие работи пишувале. Тоа се големи томови и книги, меѓутоа, тоа карактерот на востанието не го менува, карактерот на Крушевската Република не го менува. Само тие што го воделе во таа државотворна жица, знаеле со кого живеат како да им се пријде, како тие да се мотивираат за нивно добро да учествуваат во востанието итн.

Затоа уште еднаш велам да не си префрлуваме едни на други, да не се анатемисуваме. Никого не омаловажувам, ниту пак мислам дека некој може да ми ја затвори устата кога ке ми каже дека јас сум ги нарекувал албанците сепаратисти, итн., итн. Албанци, наши граѓани секој ден среќавам, си имаме многу почит со нив и не гледам дека тие баш се загреани за некои говорници овде, од оваа говорница, кои многу арно им мислам и кои стално сакаат да ги подбуцнуваат за нешто. Не е така таа работа. Не е така, и на крајот на краиштата по Уставот и јас сум пратеник на сите граѓани. Секој пратеник е пратеник на сите граѓани. Ниеден нема овде апсолутно право да се претставува како само он инт., итн., ќе ги чува Албанците. Албанците се граѓани на оваа земја, државјани на оваа земја, нивната сигурност, безбедност, нивните права се грижа на оваа земја. Многу тешко ќе биде ако не ги поставиме сите тие праваи сите тие нивни потреби итн., да може да

ги застапува или решава еден "жежок" говорник, или двајца, петмина итн. Дајте за сите проблеми во државата сите да се грижиме.

Да се вратам пак на законот. Уште еднаш велам овој закон има функција само на овој сектор, Крушевската Репубика и научно - културните средби за Крушевската Република, кое што е многу важно, за целото историско паметење на македонскиот народ, да не останеме во старите правни рамки, да не биде тој Совет кој некогаш бил од Социјалистичкиот сојуз имненуван, туку на тој закон да му дадеме законска форма и натаму традициите да си продолжат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам да прекинеме со работа, а да продолжиме во среда на 17 јуни во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17.05 часот).